**20141474632**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на членот 57 став 2 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13 и 27/14), министерот за економија, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ВИДОТ И ВИСИНАТА НА СУБВЕНЦИИТЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот, видот и висината на субвенциите („Службен весник на Република Македонија" бр.53/13) во членот 3 став (1) алинејата 2 се менува и гласи:

„-Организиран групен превоз, со посебно закупени автобуси, авиони и возови, или закупени минимум десет места во наведените превозни средства, од местото на поаѓање на групата до местото на користење на услугата во сместувачкиот објект и враќање на групата на иста релација (возењето со автобус, авион, или воз, за време на престојот во Македонија не се вклучени);"

Член 2

Во членот 4 точка 1) алинејата 2 се менува и гласи:

„-Копија од патен налог за автобуски превоз, копија од фактура на превозникот со видливи податоци за местото на поаѓање и пристигнување на групата и датата на извршениот превоз;

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман или извод)"

Во точката 2) во алинејата 4 сврзникот „и" се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 5 точката се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови алинеи 6 и 7, кои гласат:

„-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз и

- Фактура со видливи податоци за периодот и релацијата на движење на групата од домашен превозник и доказ за нејзино плаќање, доколку програмата за аранжманот опфаќа патување низ различни места во Македонија."

Во точката 3) во алинејата 1 сврзникот „и" се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 2, точката се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:

„-Листа со податоци за странските туристи, за кои се поднесува барањето и

-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз."

Во точката 4) алинејата 2 се менува и гласи:

„-Потврда за групата за која се однесува барањето со видливи податоци за патниците и периодот на престој, заверена од страна на странскиот партнер."

Во алинејата 3 сврзникот „и" се за менува со точка и запирка.

Во алинејата 4, точката се заменува со сврзникот „и" и се додава нова алинеја 5, која гласи:

„-Фактура со видливи податоци за периодот и релацијата на движење на групата и доказ за нејзино плаќање."

Член 3

Во членот 5 став 1 алинејата 1, се менува и гласи:

„-Програма за конкретниот аранжман за кој се поднесува барањето за субвенција;“

Алинејата 2 се менува и гласи:

„-А лиценца за подносителот на барањето, или лиценца за туроператорска дејност;“

Алинејата 3 се менува и гласи:

„-Копија од договор за закуп со сместувачкиот капацитет и кои имаат услуга најмалку ноќевање со доручек и копија од решението за категоризација на сместувачкиот капацитет валидно за периодот за сместување на групата; “

По алинејата 3 се додаваат три нови алинеи 4, 5 и 6, кои гласат:

„- Заверена листа на странски туристи – руминг листа, или спецификација на гости;

- Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време на реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод);

- Дополнителен договор со регистриран објект за вршење угостителска дејност (доколку услугата ноќевање со појадок е одвоена), копија од фактура со видливи податоци за периодот, количината и видот на извршената услуга и доказ за платена фактура од угостителскиот објект (копија од вирман или извод);“.

Член 4

Во членот 8 во став (1) во воведната реченица, по зборовите: „закупен автобус“ се додаваат зборовите: „или закупени минимум десет места во редовни линии“.

Член 5

Во членот 9 став (2) во точката в) зборовите: „(Северна и Јужна Америка, Австралија и Далечен Исток)“ се бришат.

Член 6

Прилозите 1, 2, 4, 5 и 6 се заменуваат со нови Прилози 1, 2, 4, 5 и 6 кои се составен дел на овој правилник.

Прилогот 3 се брише.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.13-4175/2
9 септември 2014 година
Скопје

Министер за економија,
**Беким Незири**, с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ПРИЛОГ 1

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Образец СУ - 1**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ПАТНИЧКИ (АВТОБУСКИ) ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

Бр.________

1. Име и седиште на агенцијата ________________________________________

________________________________________________________________________

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи
______________________________________________________

________________________________________________________________________

3. Место на поаѓање на групата ________________________________________

4. Дата а) поаѓање на групата
________________________________________________________________________

б) враќање на групата
________________________________________________________________________

5. Времетраење на престојот на
групата во туристичкото место ______________________________________

6. Име и седиште на превозникот
________________________________________________________________________

7. Регистарски број на автобусот ________________________________________

8. Вкупен број на седишта во автобусот _________________________________

9. Вкупен број на туристи во групата ____________________________________

10. Износ на бараната субвенција:

Од која држава доаѓаат туристите ________________ x _____________________ ден =

_____________________ ден

11. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

**Прилог:**

**I) Општа документација**:
-Програма за аранжман;
-Лиценца А, или доказ (лиценца) за вршење дејност туроператор;
-Договор за закуп со сместувачкиот капацитет и решение за категоризација на сместувачкиот капацитет;
-Руминг листа заверена од сместувачкиот капацитет;
-Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод) и
-Извод од банка за девизен прилив за странскиот туроператор по извршената уплата.

**II) Поединечна документација:**
-копија од патен налог за автобуски превоз, копија од фактура на превозникот со видливи податоци за местото на поаѓање и пристигнување на групата и датата на извршениот превоз;
-доказ за платена фактура за реализираниот превоз (копија од вирман или извод) и
-интербус листа со видливи податоци за странските туристи и граничните премини.

__________________ __________________

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕТО

ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ПРИЛОГ 2

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Образец СУ – 2**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ВОЗДУШЕН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

БР. _________

1.Име и седиште на агенцијата

______________________________________________________________________

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи
______________________________________________________________________

3. Место на полетување ________________________________________________

4. Место на слетување _________________________________________________

5. Број на летот и датум
а) поаѓање на групата _________________________________________________

б) враќање на групата _________________________________________________

6. Времетрање на престојот на групата во туристичкото место

_________________________________________________________________

7. Име и седиште на воздушниот превозник

_________________________________________________________________

8. Вид на авионот и договорен број на седишта

- чартер летови __________________________________________________

- редовни линии __________________________________________________

9. Број на патници во групата _______________________________________

10. Износ на бараната субвенција ________________________________

а) број на остварени патници во воздушниот превоз со чартер линија

_____________________ х ___________ ден = __________________ ден

б) број на остварени патници при редовна линија

___________________ х ______________ ден = ________________ ден

11. Име и седиште на банката и број на сметка на агенцијата

____________________________________________________________

**Прилог:**

**I) Општа документација**:

-Програма за аранжман;
-Лиценца А, или доказ (лиценца) за вршење дејност туроператор;
-Договор за закуп со сместувачкиот капацитет и решение за категоризација на сместувачкиот капацитет;
-Руминг листа заверена од сместувачкиот капацитет;
-Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод) и
-Извод од банка за девизен прилив за странскиот туроператор по извршената уплата.

**II) Поединечна документација:**

-Копија од договор со авионскиот превозник за закуп на авион, од кој се видливи податоците за: број на седишта во авионот, место на поаѓање и слетување на авионот, број на планирани летови;
- Копија од дневниот извештај за летовите на домашните аеродроми, како и потврда за извршено доаѓање на чартер летовите;
-Копија на договор или понуда од авиопревозникот, или сметка, или фотокопија од сметката на авионскиот превозник, или копија од авионската карта кај редовните линии;
-Листа на летање со обележани странски туристи и прецизно одредување на сместувачкиот капацитет, за кои се поднесува барањето за субвенција;
-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз и
-Фактура со видливи податоци за периодот и релацијата на движење на групата од домашен превозник и доказ за нејзино плаќање, доколку програмата за аранжманот опфаќа патување низ различни места во Македонија.

________________________ ________________

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО — ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

ПРИЛОГ 4

**Образец СУ – 4**

**ПОТВРДА**

Туристичкото биро (друга институција)

___________________________________________

Потврдува дека за гостите сместени во објектите од типот соби и апартмани е

извршена пријава на престојот и е платена такса за привремен престој.

Попис на гости

1. ________________________________________ 8. ________________________________________

2. ________________________________________ 9. ________________________________________

3. ________________________________________ 10. ________________________________________

4. ________________________________________ 11. ________________________________________

5. ________________________________________ 12. ________________________________________

6. ________________________________________ 13. ________________________________________

7. ________________________________________ 14.

_______________ _____________________

МЕСТО И ДАТА

ТУРИСТИЧКО БИРО
ПОТПИС НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ

- Под сместувачки објекти се сметаат сите сместувачки објекти кои се категоризирани и регистрирани за комерцијално работење.
- Ако изнајмувањето на капацитетот, со најмалку услуга ноќевање со доручек, е извршено преку македонска туристичка агенција истата го заверува образецот СУ – 4
- За гостите за кои сместувањето е закупено од македонска туристичка агенција, во сместувачки објекти од типот соба или апартман,заверка на пријавениот престој и плакање на туристичката такса за гостите од листата врши и туристичкото биро во местото каде што туристите престојувале.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ПРИЛОГ 5

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Образец СУ – 5**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

Бр._______

1. Име и седиште на Агенцијата ___________________________________

______________________________________________________________

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи _______________________________________________

______________________________________________________________

3. Место на поаѓање на групата ____________________________________

4. Дата и време на а) поаѓање на групата ______________________________________________________________

б) враќање на групата ________________________________________________________

5. Место на доагање на групата ____________________________________

6. Времетраење на престојот на
групата во туристичкото место __________________________________

7. Вкупен број на туристи во групата ________________________________

11. Износ на бараната субвенција за железнички превоз

Остварен број на туристи ________________ х __________ ден =

______________________ ден

12. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

____________________________________________________________

**Прилог:**

**I) Општа документација**:
-Програма за аранжман;
-Лиценца А, или доказ (лиценца) за вршење дејност туроператор;
-Договор за закуп со сместувачкиот капацитет и решение за категоризација на сместувачкиот капацитет;
-Руминг листа заверена од сместувачкиот капацитет;
-Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод) и
-Извод од банка за девизен прилив за странскиот туроператор по извршената уплата.

**II) Поединечна документација:**
-Копија од договорот со железница за закуп на вагон, или фотокопија од сметката на железничкиот превоз од кои се видливи податоците за: место на поаѓање и пристигнување на групата, бројот на седишта во вагонот и датата на извршениот превоз;
-Листа на податоци за странските туристи, за кои се поднесува барањето и
-Доказ за платена фактура за реализираниот превоз.

____________________________ __________________________________

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ПРИЛОГ 6

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Образец СУ – 6**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА КОМБИНИРАНИ ТУРИ И КРУЖНИ ТУРИ ВО РЕГИОНОТ**

БР. ______

1.Име и седиште на агенција

_______________________________________________________________

2. Вид на превозно средство кое се користи за доаѓање во Р. Македонија

_______________________________________________________________

3. Место на почеток / завршување на кружната тура

_______________________________________________________________

4. Датум на почеток / завршување на турата

_______________________________________________________________

5. Име и седиште на сместувачките објекти во кои престојувале туристите во текот на кружното патување

а) ____________________________________________________________
б) ____________________________________________________________
в) ____________________________________________________________
г) ____________________________________________________________
д) ____________________________________________________________
ѓ) ____________________________________________________________

6. Вкупно траење на турата (број на ноќевања со доручек)

_______________________________________________________________

7. Име и седиште на автобускиот превозник

_______________________________________________________________

8. Име и седиште на авионскиот превозник

_______________________________________________________________

9. Износ на бараната субвенција

број на остварени патници __________________ x __________ ден =

____________________________ ден

10. Име и седиште на банката и број на сметка на агенцијата

____________________________________________

____________________________________________

**<u>Прилог:</u>**

**I) Општа документација**:
-Програма за аранжман;
-Лиценца А, или доказ (лиценца) за вршење дејност туроператор;
-Договор за закуп со сместувачкиот капацитет и решение за категоризација на сместувачкиот капацитет;
-Руминг листа заверена од сместувачкиот капацитет;
-Копија од фактури од сите сместувачки капацитети во земјава во кои гостите престојувале за цело време за реализација на субвенционираната програма, со доказ за платена фактура (копија од вирман или извод) и
-Извод од банка за девизен прилив за странскиот туроператор по извршената уплата.

**II) Поединечна документација:**
-Потврда за групата за која се однесува барањето со видливи податоци за патниците и периодот на престој, заверена од страна на странскиот партнер;
-Копија од договорот со македонската туристичка агенција, или потврда за тура од странска агенција со македонска туристичка агенција од каде треба да се види дали македонската туристичка агенција работи во име и за сметка на на странската агенција, или е организатор кој продава програма на странска агенција;
-фактура со видливи податоци за периодот и релацијата на движење на групата и доказ за нејзино плаќање и
-интербус листа со видливи податоци за странските туристи и граничните премини.

_________________________ _______________________________

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ